# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на вториот квартал од 2016 година

септември 2016 година

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2016 година

**Бруто надворешниот долг,** на крајот на вториот квартал од 2016 година, изнесува 6.915 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал, е зголемен за 102 милиона евра, главно под влијание на порастот на долгот на приватниот сектор (за 98 милиони евра). **Бруто надворешните побарувања,** на крајот на вториот квартал, изнесуваат 4.329 милиони евра и бележат квартално намалување за 148 милиони евра, при намалени јавни побарувања за 155 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг,** во вториот квартал од 2016 година, е зголемен за 250 милиони евра и изнесува 2.586 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2015 година**, бруто надворешниот долг, на крајот на јуни 2016 година, е повисок за 624 милиони евра, од кои 56% се однесуваат на зголемениот јавен долг, додека 44% на приватниот долг. Притоа, долгот врз основа на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] бележи зголемување од 287 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг од почетокот на годината е зголемен за 337 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 289 милиони евра. Без ефектот од обратните репо-трансакции, бруто надворешните побарувања се зголемени за 2 милиона евра. На нето-основа, надворешниот долг е зголемен за 335 милиони евра од почетокот на годината.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** во текот на вториот квартал од 2016 година, е зголемена за 244 милиони евра, што во целост произлегува од споменатиот раст на нето надворешниот долг (за 250 милиони евра), при минимален пад на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 5 милиони евра). Со тоа, на крајот на вториот квартал на 2016 година, негативната МИП, нето, достигна 5.437 милиони евра, или 57,5% од БДП. И натаму, најголемиот дел (околу 82%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 31.03.2016 | | 30.06.2016 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,290.5** | **69.2** | **6,812.5** | **72.0** | **6,914.6** | **73.1** | **102.1** | **1.5** | **1.1** | **624.1** | **9.9** | **3.9** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,290.5*** | ***69.2*** | ***6,509.2*** | ***68.8*** | ***6,627.4*** | ***70.1*** | **118.2** | **1.8** | **1.3** | **336.9** | **5.4** | **0.9** |
| Долгорочен долг | 4,949.5 | 54.4 | 5,018.3 | 53.1 | 5,073.4 | 53.7 | 55.1 | 1.1 | 0.6 | 123.9 | 2.5 | -0.8 |
| Краткорочен долг | 1,341.0 | 14.7 | 1,794.2 | 19.0 | 1,841.2 | 19.5 | 47.0 | 2.6 | 0.5 | 500.2 | 37.3 | 4.7 |
| Јавен долг | 2,933.7 | 32.3 | 3,279.4 | 34.7 | 3,283.1 | 34.7 | 3.7 | 0.1 | 0.0 | 349.4 | 11.9 | 2.5 |
| Приватен долг | 3,356.9 | 36.9 | 3,533.2 | 37.4 | 3,631.6 | 38.4 | 98.4 | 2.8 | 1.0 | 274.7 | 8.2 | 1.5 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,039.4** | **44.4** | **4,476.3** | **47.3** | **4,328.6** | **45.8** | **-147.7** | **-3.3** | **-1.6** | **289.2** | **7.2** | **1.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,039.4*** | ***44.4*** | ***4,173.0*** | ***44.1*** | ***4,041.4*** | ***42.7*** | **-131.6** | **-3.2** | **-1.4** | **2.0** | **0.1** | **-1.7** |
| **Нето надворешен долг** | **2,251.2** | **24.76** | **2,336.2** | **24.71** | **2,586.0** | **27.35** | **249.8** | **10.7** | **2.6** | **334.9** | **14.9** | **2.6** |
| **МИП, нето** | **-5,082.7** | **-55.90** | **-5,192.4** | **-54.91** | **-5,436.9** | **-57.50** | **-244.4** | **4.7** | **-2.6** | **-354.2** | **7.0** | **-1.6** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016 година). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешниот долг, заклучно со вториот квартал на 2016 година, достигна 6.915 милиони евра, или 73,1% од БДП проектиран за оваа година, при квартален раст на обврските од 102 милиона евра (или 1,5%).

Бруто надворешниот долг во однос на крајот на 2015 година е повисок за 624 милиони евра (или 9,9%).




Извор: НБРМ.

Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг (со учеството од 52,5%).




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто долгот и натаму е поволна, со најголемо учество на долгорочниот долг. Сепак, од почетокот на годината се забележува постојан раст на учеството на краткорочниот долг (зголемување за 5,3 п.п.).




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, главни носители на надворешната задолженост се секторот „држава“ и останатите сектори, со учество од 30,9% и 28,2%, соодветно. По нив, следува долгот на капитално поврзаните субјекти (27,3%) и депозитните институции (8,3%).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 66,2% од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 19,0% и должнички хартии од вредност, со учество од 11,4%.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми и натаму е релативно стабилна, па повторно најголемиот дел од овие обврски се во евра.




Извор: НБРМ.

Растот на бруто надворешниот долг во вториот квартал на 2016 година произлегува претежно од приватниот долг (за 98 милиони евра), при мал раст и на јавниот долг (за 4 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на вкупниот јавен надворешен долг од 4 милиони евра е резултат на порастот на долгот на јавните банки и јавните претпријатија, додека растот на долгот на државата се нетира со намалениот долг на централната банка.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Растот на приватниот надворешен долг во вториот квартал од 2016 година се должи на капитално поврзаните субјекти (раст за 42 милиона евра) и небанкарскиот приватен сектор (раст за 40 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционални сектори, носители на кварталниот раст на вкупната надворешна задолженост се останатите сектори (главно домашниот корпоративен сектор) со 53 милиони евра, долгот кон капитално поврзаните субјекти со 42 милиона евра и долгот на државата со 15 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2015 година, 56% од растот на вкупниот долг се објаснува со зголемениот долг на јавниот сектор (за 349 милиони евра), при значителен раст и на приватниот долг (за 275 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг е зголемен за 62 милиона евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на бруто-долгот во првата половина од годината произлегува од долгот на централната банка (287 милиони евра, во целост врз основа на репо-трансакциите), меѓукомпанискиот долг (202 милиона евра), останатите сектори (103 милиони евра) и секторот „држава“ (48 милиони евра). Намалување на долгот за 15 милиони евра бележиме само кај депозитните институции.




Извор: НБРМ.

На крајот на јуни 2016 година, бруто надворешните побарувања изнесуваат 4.329 милиони евра, односно 45,8% од БДП проектиран за оваа година. Во текот на вториот квартал, побарувањата од нерезидентите се намалени за 148 милиони евра (или 3,3%).
Во однос на крајот од 2015 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 289 милиони евра (или 7,2%).




Извор: НБРМ.

По падот во претходниот квартал, во вториот квартал на 2016 година бележиме зголемено учество на приватните бруто надворешни побарувања.




Извор: НБРМ.

Втор квартал по ред расте учеството на краткорочните побарувања во структурата на вкупните побарувања, коешто на крајот на вториот квартал достигна 55,8%.




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 50,5% од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори со 21%, побарувањата од капитално поврзаните субјекти со 15,7% и побарувањата на депозитните институции со 12,8% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата по должнички инструменти покажува најголемо учество на хартиите од вредност (38,6%), по што следат трговските кредити и аванси (30,7%), валутите и депозитите (17,8%) и заемите (12,8%).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на бруто надворешните побарувања, во вториот квартал на 2016 година, се објаснува со падот на јавните побарувања (за 155 милиони евра), при минимално зголемување на приватните побарувања (за 7 милиони евра). Притоа, намалувањето на јавните побарувања е сконцентрирано кај централната банка и државата.




Извор: НБРМ.

Минималното квартално зголемување кај надворешните побарувања на приватниот сектор произлегува од растот кај небанкарскиот приватен сектор и капитално поврзаните субјекти, што во значителен дел е неутрализиран со падот на побарувањата на приватните банки.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на бруто-побарувањата се должи на намалувањето на бруто-побарувањата на централната банка (за 145 милиони евра), на депозитните институции (за 80 милиони евра) и државата (за 9 милиони евра), при истовремено зголемување на побарувањата на останатите сектори (за 63 милиони евра) и на побарувањата од поврзани субјекти (за 23 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2015 година, зголемувањето на надворешните побарувања произлегува од зголемувањето, како на приватните (за 167 милиони евра), така и на јавните надворешни побарувања (за 122 милиона евра).




Извор: НБРМ.

Придонес за кумулативниот раст на вкупните надворешни побарувања од почетокот на годината имаат капитално поврзаните субјекти (со 144 милиони евра), централната банка (со 137 милиони евра) и останатите сектори (со 110 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Во услови на раст на бруто надворешниот долг и намалување на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг на земјата во вториот квартал од 2016 година е зголемен за 250 милиони евра (10,7%), со што достигна ниво од 2.586 милиони евра (27,3% од проектираниот БДП).

Во однос на крајот на 2015 година, нето надворешниот долг е зголемен за 335 милиони евра (14,9%).

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на вториот квартал од 2016 година




Извор:НБРМ.

Приватниот нето-долг и понатаму има најголемо учество во нето-долгот, од 57,6%. Сепак, неговото учество и натаму се намалува, поради посилниот раст на јавниот нето-долг.




Извор:НБРМ.

Освен централната банка, сите други институционални сектори се нето-должници кон странство. Најголем нето-должник е секторот „држава“, чијшто нето надворешен долг изнесува 2.139 милиони евра.
Притоа, најголем придонес за растот на нето-долгот, како на квартална, така и на кумулативна основа, имаат централната банка, депозитните институции и капитално поврзаните субјекти.




Извор: НБРМ.

Во текот на вториот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 244 милиони евра (или 2,6 п.п. од БДП), достигнувајќи 5.437 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на МИП, нето, најголемиот дел (околу 82%) се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст на негативната МИП, нето, од 244 милиони евра, е резултат на растот на обврските (од 137 милиони евра), надополнет со падот на средствата (од 108 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, најголемо влијание за зголемување на негативната МИП, нето, имаат должничките инструменти (зголемениот нето надворешен долг за 250 милиони евра), при минимално влијание на сопственичките инструменти во спротивна насока (5 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во текот на вториот квартал, минималната промена кај сопственичките инструменти од 5 милиони евра главно се објаснува со растот на монетарното злато (за 22 милиона евра, пред сè поради ценовните промени) и намалувањето на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од портфолио-инвестиции (за 3 милиони евра), во голем дел нетирани со растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 20 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Слично на кварталните промени, кумулативниот раст на негативната МИП, нето (од 354 милиони евра), во најголем дел се објаснува со растот на нето надворешниот долг за 335 милиони евра, надополнет со растот и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 19 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | 134.3 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 6.7 | 4.9 | -5.6 | -3.8 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 688.7 | 660.4 | 652.2 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 20.4 | 2.7 | 34.4 | 4.5 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,168.1 | 4,253.2 | 4,224.8 | 4,153.8 | 4,524.7 | 4,580.2 | 55.5 | 1.2 | 426.3 | 10.3 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,180.6 | 1,206.4 | 1,173.2 | 1,144.9 | 1,296.0 | 1,314.4 | 18.3 | 1.4 | 169.5 | 14.8 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 82.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 1.1 | 1.4 | -0.5 | -0.5 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,320.7** | **6,416.2** | **6,326.8** | **6,290.5** | **6,812.5** | **6,914.6** | **102.1** | **1.5** | **624.1** | **9.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,020.3 | 1,976.1 | 1,980.3 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 14.9 | 0.7 | 48.0 | 2.3 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | -15.0 | -3.9 | 286.8 | 344.6 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 601.9 | 608.4 | 582.0 | 585.9 | 563.3 | 570.8 | 7.4 | 1.3 | -15.2 | -2.6 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,752.2 | 1,791.1 | 1,818.2 | 1,845.6 | 1,895.2 | 1,948.2 | 53.0 | 2.8 | 102.5 | 5.6 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,609.6 | 1,628.7 | 1,584.8 | 1,684.7 | 1,844.9 | 1,886.7 | 41.8 | 2.3 | 202.0 | 12.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,320.7** | **6,416.2** | **6,326.8** | **6,290.5** | **6,812.5** | **6,914.6** | **102.1** | **1.5** | **624.1** | **9.9** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.3** | **69.5** | **70.6** | **69.6** | **69.2** | **72.0** | **73.1** | | **1.1** | | **3.9** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,067.5*** | ***6,087.2*** | ***6,047.6*** | ***6,290.5*** | ***6,509.2*** | ***6,627.4*** | ***118.2*** | ***1.8*** | ***336.9*** | ***5.4*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.3*** | ***66.7*** | ***67.0*** | ***66.5*** | ***69.2*** | ***68.8*** | ***70.1*** | | ***1.3*** | | ***0.9*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,646.6 | 4,638.5 | 4,651.1 | 4,949.5 | 5,018.3 | 5,073.4 | 55.1 | 1.1 | 123.9 | 2.5 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,674.1 | 1,777.7 | 1,675.7 | 1,341.0 | 1,794.2 | 1,841.2 | 47.0 | 2.6 | 500.2 | 37.3 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 73.5 | 72.3 | 73.5 | 78.7 | 73.7 | 73.4 | | -0.3 | | -5.3 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 26.5 | 27.7 | 26.5 | 21.3 | 26.3 | 26.6 | | 0.3 | | 5.3 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.6 | 51.1 | 51.0 | 51.2 | 54.4 | 53.1 | 53.7 | | 0.6 | | -0.8 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.7 | 18.4 | 19.6 | 18.4 | 14.7 | 19.0 | 19.5 | | 0.5 | | 4.7 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **3,019.1** | **3,054.2** | **3,035.5** | **2,933.7** | **3,279.4** | **3,283.1** | **3.7** | **0.1** | **349.4** | **11.9** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,020.3 | 1,976.1 | 1,980.3 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 14.9 | 0.7 | 48.0 | 2.3 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | -15.0 | -3.9 | 286.8 | 344.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 662.1 | 666.2 | 693.8 | 759.4 | 770.3 | 774.0 | 3.8 | 0.5 | 14.6 | 1.9 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,301.6** | **3,362.0** | **3,291.3** | **3,356.9** | **3,533.2** | **3,631.6** | **98.4** | **2.8** | **274.7** | **8.2** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 47.8 | 47.6 | 48.0 | 46.6 | 48.1 | 47.5 | | -0.7 | | 0.8 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 52.2 | 52.4 | 52.0 | 53.4 | 51.9 | 52.5 | | 0.7 | | -0.8 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.4 | 33.2 | 33.6 | 33.4 | 32.3 | 34.7 | 34.7 | | 0.0 | | 2.5 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.9 | 36.3 | 37.0 | 36.2 | 36.9 | 37.4 | 38.4 | | 1.0 | | 1.5 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | 837.0 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | -130.6 | -14.5 | -130.0 | -14.4 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,846.4 | 1,811.1 | 1,728.2 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | -75.2 | -4.3 | -104.4 | -5.9 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 518.8 | 611.9 | 547.9 | 244.8 | 577.9 | 554.0 | -23.8 | -4.1 | 309.2 | 126.3 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,125.1 | 1,164.3 | 1,193.5 | 1,113.7 | 1,246.2 | 1,329.6 | 83.4 | 6.7 | 215.8 | 19.4 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | -1.5 | -71.9 | -1.4 | -71.4 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 0.1 | 1.1 | 0.0 | -1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,371.3** | **4,392.9** | **4,313.0** | **4,039.4** | **4,476.3** | **4,328.6** | **-147.7** | **-3.3** | **289.2** | **7.2** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 25.6 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | -9.3 | -100.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | -145.2 | -6.2 | 137.1 | 6.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | 616.5 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | -79.4 | -12.5 | -86.7 | -13.5 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 767.2 | 809.3 | 818.1 | 799.6 | 846.2 | 909.6 | 63.4 | 7.5 | 110.0 | 13.8 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 563.3 | 587.8 | 605.9 | 534.4 | 655.5 | 678.3 | 22.8 | 3.5 | 144.0 | 26.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,371.3** | **4,392.9** | **4,313.0** | **4,039.4** | **4,476.3** | **4,328.6** | **-147.7** | **-3.3** | **289.2** | **7.2** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.6** | **48.1** | **48.3** | **47.4** | **44.4** | **47.3** | **45.8** | | **-1.6** | | **1.3** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,118.1*** | ***4,063.9*** | ***4,034.1*** | ***4,039.4*** | ***4,173.0*** | ***4,041.4*** | ***-131.6*** | ***-3.2*** | ***2.0*** | ***0.1*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.6*** | ***45.3*** | ***44.7*** | ***44.4*** | ***44.4*** | ***44.1*** | ***42.7*** | | ***-1.4*** | | ***-1.7*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,110.2 | 2,075.3 | 1,974.3 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.1 | -74.8 | -3.8 | -109.6 | -5.4 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,261.1 | 2,317.6 | 2,338.7 | 2,014.7 | 2,486.4 | 2,413.5 | -72.9 | -2.9 | 398.8 | 19.8 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 48.3 | 47.2 | 45.8 | 50.1 | 44.5 | 44.2 | | -0.2 | | -5.9 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 51.7 | 52.8 | 54.2 | 49.9 | 55.5 | 55.8 | | 0.2 | | 5.9 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.2 | 23.2 | 22.8 | 21.7 | 22.3 | 21.0 | 20.3 | | -0.8 | | -2.0 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.4 | 24.9 | 25.5 | 25.7 | 22.2 | 26.3 | 25.5 | | -0.8 | | 3.4 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,421.4** | **2,394.4** | **2,272.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **-154.5** | **-6.6** | **122.0** | **5.9** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 25.6 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | -9.3 | -100.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | -145.2 | -6.2 | 137.1 | 6.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватни побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,949.9** | **1,998.5** | **2,040.4** | **1,975.3** | **2,135.8** | **2,142.6** | **6.8** | **0.3** | **167.2** | **8.5** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 55.4 | 54.5 | 52.7 | 51.1 | 52.3 | 50.5 | | -1.8 | | -0.6 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 44.6 | 45.5 | 47.3 | 48.9 | 47.7 | 49.5 | | 1.8 | | 0.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.6 | 26.6 | 26.3 | 25.0 | 22.7 | 24.8 | 23.1 | | -1.6 | | 0.4 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 22.0 | 21.4 | 22.0 | 22.4 | 21.7 | 22.6 | 22.7 | | 0.1 | | 0.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е  проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | -702.7 | -752.3 | -765.3 | -628.0 | 137.3 | -17.9 | 124.3 | -16.5 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,157.7 | -1,150.7 | -1,076.0 | -1,017.6 | -974.5 | -878.9 | 95.7 | -9.8 | 138.7 | -13.6 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,649.2 | 3,641.2 | 3,677.0 | 3,909.0 | 3,946.8 | 4,026.1 | 79.3 | 2.0 | 117.1 | 3.0 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 55.5 | 42.1 | -20.3 | 31.1 | 49.9 | -15.2 | -65.0 | -130.4 | -46.3 | -148.7 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | 58.3 | 2.5 | 2.4 | 3.9 | 1.5 | 59.6 | 1.4 | 57.5 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 77.5 | 78.4 | 77.0 | 78.0 | 1.1 | 1.4 | -0.4 | -0.5 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **1,949.5** | **2,023.3** | **2,013.7** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,586.0** | **249.8** | **10.7** | **334.9** | **14.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 1,969.4 | 1,934.7 | 1,954.7 | 2,075.9 | 2,114.8 | 2,139.0 | 24.2 | 1.1 | 63.1 | 3.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | 130.2 | -6.7 | 149.7 | -7.6 |
| Депозитни институции, освен централна бан | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | -34.4 | -55.4 | -70.7 | 16.1 | 86.8 | -122.8 | 71.6 | -129.1 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 985.1 | 981.8 | 1,000.2 | 1,046.1 | 1,049.0 | 1,038.6 | -10.4 | -1.0 | -7.5 | -0.7 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,046.2 | 1,040.9 | 978.9 | 1,150.4 | 1,189.3 | 1,208.4 | 19.0 | 1.6 | 58.0 | 5.0 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **1,949.5** | **2,023.3** | **2,013.7** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,586.0** | **249.8** | **10.7** | **334.9** | **14.9** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.6** | **21.4** | **22.3** | **22.1** | **24.8** | **24.7** | **27.3** | | **2.6** | | **2.6** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,536.4 | 2,563.3 | 2,676.8 | 2,924.9 | 3,028.4 | 3,158.3 | 129.9 | 4.3 | 233.4 | 8.0 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -586.9 | -539.9 | -663.1 | -673.7 | -692.2 | -572.3 | 119.9 | -17.3 | 101.4 | -15.1 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 130.1 | 126.7 | 132.9 | 129.9 | 129.6 | 122.1 | | -7.5 | | -7.8 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -30.1 | -26.7 | -32.9 | -29.9 | -29.6 | -22.1 | | 7.5 | | 7.8 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.4 | 27.9 | 28.2 | 29.4 | 32.2 | 32.0 | 33.4 | | 1.4 | | 1.2 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -6.5 | -5.9 | -7.3 | -7.4 | -7.3 | -6.1 | | 1.3 | | 1.4 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **597.7** | **659.8** | **762.9** | **869.6** | **938.8** | **1,097.0** | **158.2** | **16.8** | **227.4** | **26.1** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 1,969.4 | 1,934.7 | 1,954.7 | 2,075.9 | 2,114.8 | 2,139.0 | 24.2 | 1.1 | 63.1 | 3.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | 130.2 | -6.7 | 149.7 | -7.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 662.1 | 666.2 | 693.8 | 759.4 | 770.3 | 774.0 | 3.8 | 0.5 | 14.6 | 1.9 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,351.7** | **1,363.6** | **1,250.8** | **1,381.6** | **1,397.4** | **1,489.0** | **91.6** | **6.6** | **107.5** | **7.8** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 30.7 | 32.6 | 37.9 | 38.6 | 40.2 | 42.4 | | 2.2 | | 3.8 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 69.3 | 67.4 | 62.1 | 61.4 | 59.8 | 57.6 | | -2.2 | | -3.8 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.8 | 6.6 | 7.3 | 8.4 | 9.6 | 9.9 | 11.6 | | 1.7 | | 2.0 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.9 | 14.9 | 15.0 | 13.8 | 15.2 | 14.8 | 15.7 | | 1.0 | | 0.6 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е  проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ

Табела 4

## **Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **Кв.1-2014** | **Кв.2-2014** | **Кв.3-2014** | **Кв.4-2014** | **Кв.1-2015** | **Кв.2-2015** | **Кв.3-2015** | **Кв.4-2015** | **Кв.1-2016** | **Кв.2-2016** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,192.4** | **-5,436.9** | **-244.4** | **4.7** | **-354.2** | **7.0** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,899.4 | 4,915.0 | 4,826.5 | 4,571.9 | 5,042.9 | 4,935.2 | -107.7 | -2.1 | 363.3 | 7.9 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,554.8 | 9,693.6 | 9,647.5 | 9,654.6 | 10,235.3 | 10,372.1 | 136.7 | 1.3 | 717.5 | 7.4 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.8** | **-54.6** | **-53.4** | **-53.3** | **-51.2** | **-52.6** | **-53.0** | **-55.9** | **-54.9** | **-57.5** | | **-2.6** | | **-1.6** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,965.4 | -1,930.7 | -1,950.8 | -2,072.0 | -2,110.9 | -2,135.0 | -24.2 | 1.1 | -63.1 | 3.0 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 2,185.4 | 2,076.7 | -108.7 | -5.0 | -102.5 | -4.7 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -553.4 | -586.6 | -553.7 | -541.2 | -524.5 | -611.5 | -87.0 | 16.6 | -70.2 | 13.0 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,408.6 | -4,433.9 | -4,422.0 | -4,648.7 | -4,742.4 | -4,767.0 | -24.6 | 0.5 | -118.3 | 2.5 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **МИП, нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,192.4** | **-5,436.9** | **-244.4** | **4.7** | **-354.2** | **7.0** |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -4,059.4 | -4,098.3 | -4,080.5 | -4,296.3 | -4,393.0 | -4,431.5 | -38.5 | 0.9 | -135.2 | 3.1 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -610.3 | -579.9 | -567.9 | -636.2 | -644.5 | -659.2 | -14.7 | 2.3 | -23.0 | 3.6 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.5 | -0.1 | 1.7 | -0.1 | 3.2 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 473.5 | 387.8 | -85.7 | -18.1 | -79.1 | -16.9 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,828.0 | -2,823.9 | -2,867.3 | -2,894.7 | -2,937.3 | -2,966.2 | -28.9 | 1.0 | -71.5 | 2.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 109.4 | 121.5 | 129.5 | 100.7 | 125.8 | 159.4 | 33.6 | 26.7 | 58.7 | 58.3 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.3 | -1.5 | -81.6 | -1.4 | -81.3 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 2,266.3 | 2,158.8 | -107.6 | -4.7 | -103.0 | -4.6 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -81.6 | -82.8 | -1.1 | 1.4 | 0.5 | -0.5 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е  проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.